# Newsletter

совет за етика во медиумите на македонија

2015 Број 1

semm.mk

## Содржина


- Комисијата за жалби на СЕММ во посета на босанскиот Совет за печат....................................2
- Тркалезна маса за борба против говорот на омраза и дискриминацијата ................................ 2
- СЕММ постапуваше по 50тина претставки од граѓаните...................... 2
- СЕММ на одбележувањето на Светскиот ден на слободата на медиумите............................................. 3
- Учество на конференцијата „Слободата на изразување: дали е се' уште предуслов за демократија? ........ 3
- Одржано годишното Собрание на СЕММ ............................. 3

**ИНТЕРВЈУ**

- Катерина **БЛАЖЕВСКА**.............4
- Енес **ОСМАНЧЕВИЌ**....................5
- Мартин **ХАКЕРБИ**.........,...........7


## Дебати низ Македонија за запознавање на јавноста со работата на СЕММ



Во периодот од април до јуни 2015 година, Советот за етика во медиумите на Македонија одржа шест дебати во различни региони во државата, односно во Битола, Охрид, Штип, Струмица, Тетово и Куманово. Членовите на Управниот одбор, Жалбената комисија и на Извршната канцеларија ги запознаа присутните со принципот на саморегулацијата во медиумите, досегашните искуства на Советот, како и со соработката со сличните тела во меѓународни рамки.

Настаните беа искористени и за прикажување на поинтересните случаи кои досега биле обработувани од Комисијата за жалби на СЕММ, како и ефектот на медијацијата што е една од главните алатки што ги применува Советот при решавањето на пријавите за непрофесионално и неетичко новинарство. На дебатите присуствуваа околу 130 граѓани, меѓу кои претставници на медиумите, граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, државните институции, итн.

Овие настани се организираа со поддршка од УНЕСКО и Холандската амбасада во Македонија.

## СЕММ и формално членка на AIPCE

Alliance of Independent Press Councils of Europe

Советот за етика во медиумите на Македонија на овогодишното Собрание на оваа мрежа формално беше примена како членка на **Алијансата на независни совети за етика во Европа** (AIPCE). Годишното собрание на Алијансата се одржа на 8 и 9 октомври, во Виена. На настанот присуствуваше директорката на Советот, Марина Тунева.

AIPCE е основана 1999 година во Лондон и е слободна мрежа на независни регулатори за печатени и електронски медиуми. Нејзините годишни конференции обезбедуваат форум за претставниците на советите за етика во медиумите да разговараат за актуелни прашања, да разменуваат идеи и да понудат и да добијат соодветна помош. Во изјавата за целите на Алијансата се содржани суштинските уверувања на организациите кои учествуваат во неа:

- дека регулацијата на уредувачката содржина во медиумите треба да биде независна од власта;
- дека регулацијата на медиумските содржини, без разлика дали се национални или регионални медиуми, треба да се заснова на различните култури на нациите;
- дека пишувањето на кодексите на новинарска етика и нивната примена е работа на новинарите и издавачите, кои ги земаат предвид ставовите на јавноста, а не оние на власта;
- дека е можно да се дејствува според универзален кодекс на етика.

## СЕММ е основач на Медиа НЕТикс



СЕММ е еден од основачите на Медиа НЕТикс – Мрежата на тела за саморегулација во медиумите во Југоисточна Европа. Во јуни годинава, под покровителство на Совет на Европа, на дводневната конференција во Будва, Црна Гора, беше официјализирано основањето на **Медиа НЕТикс** – Мрежата на тела за саморегулација во медиумите во Југоисточка Европа. Основачи на мрежата се телата за само регулација во медиумите од Македонија, Србија, Косово, ЦрнаГора и Босна и Херцеговина.

Задача на ова регионално здружување ќе биде подигнување на свеста на членките на мрежата, медиумите, медиумските професионалци и општеството во целина, за основните принципи за саморегулацијата и професионализмот, како и разгледување на прекугранични жалби на земјите од регионот.

# СЕММ постапуваше по 50тина претставки од граѓаните

Во изминатиот период, граѓаните најмногу се пожалија на говор на омраза во медиумите, неточни и неурамнотежени информации, нарушување на угледот на засегнатите, незастапена втора страна, навреда, клевета и дискриминација. Според структурата на поднесувачите на претставките, најмногу до Комисијата се обратиле медиумите, односно вработени уредници или новинари. Потоа следуваат поединци, граѓани, политичари, институции и граѓански здруженија. Гледано според тоа за какви медиуми се поднесени претставките, лидери се порталите.

Во својата работа, Комисијата за жалби при носење на одлуки се потпира на Кодексот на новинарите на Македонија, на Декларацијата на IFJ (International Federation of Journalists), на Уставот, закони и други акти во Република Македонија и врз одлуки донесени од Судот за човекови права во делот на слободата на говорот.

# Комисијата за жалби на СЕММ во посета на босанскиот Совет за печат



Во јуни годинава, меѓународната соработка на Советот за етика во медиумите на Македонија се продлабочи со работната средба со колегите од Советот за печат на БиХ. Членовите на Комисијата за жалби при СЕММ, претседателот Мирче Адамчевски и членовите Филип Ѓурчиновски и Теофил Блажевски, по претходна покана, присуствуваа на седница на Жалбената комисија на Советот за печат на БиХ. На седницата, колегите од БиХ разгледуваа жалби упатени до нивното тело. Притоа, членовите на македонската Комисија за жалби беа во можност да се запознаат со процедурите и практиките на своите колеги од БиХ, начинот на решавање по претставките и составувањето на одлуките, односно нивните образложенија.

# Тркалезна маса за борба против говорот на омраза и дискриминацијата



На 2 октомври СЕММ и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), во рамки на регионалниот проект "Медиумска обсерваторија на Југоисточна Европа" финансиран од ЕУ, организираа тркалезната маса на тема„Справување со говорот на омраза и дискриминацијата - влијанието на уредниците и предизвиците со кои се соочуваат".

На тркалезната маса се обрати Шефот на Делегацијата на ЕУ, Н.Е. Аиво Орав, а свои излагања имаа и претставниците на Советот за етика во медиумите и Комисијата за жалби.

Целта на настанот беше да се отвори дебата за улогата и влијанието на уредниците во превенирање на говорот на омраза и дискриминацијата во медиумите. Од дискусијата на присутните произлегоа следниве заклучоци и препораки:

- Да се соработува меѓу регулаторното и саморегулаторното тело, особено во взаемното искористување на ресурсите во справувањето со случаите на говор на омраза во медиумите;
- Медиумите да известуваат за говорот на омраза, но да се обележи како таков и јасно да биде ставено до знаење дека станува збор за таков проблем;
- Да се зголеми ангажираноста на Комисијата за заштита од дискриминација во идентификувањето на случаите на говор на омраза, а особено во делот на казнувањето;
- Новинарите или лицата кои што ги искористуваат медиумите за ширењето говор на омраза да сносат соодветна одговорност, а новинарската фела да се обедини во нивното дистанцирање од медиумскиот простор;
- Неопходна е координација и усогласување меѓу различните институции, организации и мрежи во борбата против говорот на омразата и дискриминацијата;
- Да се намали влијанието на центрите на моќ и политичкото влијание врз работењето на медиумите;
- Постои потреба од професионализација на работењето на новинарите како во јавниот сервис, така и во другите медиуми, односно да се работи на континуирана едукација;
- Саморегуларијата се' почесто да се користи како механизам за реагирање за говорот на омраза, навреда, клевета и други појави на кршење на Кодексот на новинарите;
- Редакциите да имаат свој Кодекс кој ќе се почитува во рамки на редакцијата, а Интернет порталите да договорат внатрешни принципи на однесување;
- Да се креира нов Кодекс на печатени, електронски и интернет медиуми.



# Одржано годишното Собрание на СЕММ

Редовното годишно Собрание на СЕММ се одржа на 27 мај, во Скопје. Презентирани и едногласно прифатени беа извештајот за работа на извршната канцеларија, извештајот од работата на Комисијата за жалби и извештајот за финансиско и материјалното работење на Советот.
Се дискутираа плановите за во иднина и конкретните активности кои Советот ќе ги реализира.



# СЕММ на одбележувањето на Светскиот ден на слободата на медиумите

Претседателката на СЕММ Катерина Синадиновска и претседателот на Комисијата за жалби Мирче Адамчевски учествуваа на меѓународната конференција организирана од УНЕСКО по повод Светскиот ден на слобода на медиумите. Конференцијата се одржа во Рига, од 2-4 мај.
Во текот на конференцијата се презентира работата на СЕММ, плановите за следни активности, а се дискутираа и идни можности за соработка и партнерство со различни организации и тела.
“Кога ги дискутираме предизвиците со кои се соочуваме, треба да ги имаме предвид и колективните успеси на нашите совети изминативе години. И покрај ограничените буџети со кои располагаме, реализиравме многу активности за подигнување на свеста во граѓанскиот сектор, обучувавме новинари и уредници и примивме повеќе жалби. Мора да продолжиме со оваа важна работа и во иднина”, изјави Катерина Синадиновска на настанот.




# Учество на конференцијата „Слободата на изразување: дали е сè уште предуслов за демократија?

Директорката на СЕММ, Марина Тунева, на 13 и 14 октомври присуствуваше на конференцијата “Слобода на изразување: дали е се’ уште предуслов за демократија?”. Конференцијата се одржа во во Стразбур и беше организирана од Советот на Европа.
Настанот се фокусираше на слободата на изразување на Интернет, а се дискутираше околу три главни теми: демократските правила кога се во конфликт повеќе од едно фундаментално право; контекстот на зголемена сензитивност во општеството; и начини на интегрирање на Интернетот во сегашниот пејсаж на заштита на слободата на изразување.

**ИНТЕРВЈУ**
**Катерина БЛАЖЕВСКА**



*Со Катерина Блажевска разговаравме за ситуацијата со почитувањето на професионалните и етичките стандарди во новинарската професија во Македонија, од перспектива на состојбите за време на транзицијата и она што се случува во последните 15тина години.*

„Секој новинар треба да се преиспита дали и колку ги почитува професионалните стандарди, дали е совладан од цензура или од автоцензура, дали новинарската слобода му е подјармена од економската неслобода, односно на зависноста од платата и од политичките преференции на работодавецот" – вели Катерина Блажевска, во интервјуто за Советот за етика во медиумите во Македонија.

# Колективната одбрана на професионалните стандарди може да биде ефикасна само ако се темели и на нивна индивидуална одбрана

**СЕММ:** Како накратко би ја опишале состојбата со почитувањето на професионалните и етичките стандарди во новинарството во државата?

**К.Б.:**Со чест на мали медиумски исклучоци, во Македонија професионалните и етичките стандарди во новинарството се речиси целосно избркани од професијата. Со еден збор, постојат за да бидат брутално изгазени секојдневно.

**СЕММ:** Со оглед дека долги години сте во новинарската професија, како новинар и уредник, кои трендови и етапи би ги идентификувале во однос на почитувањето на професионалните стандарди во новинарството, од осамостојувањето на Македонија, па се до она што сега ни се случува?

**К.Б.:** Во периодот непосредно пред и по осамостојувањето, важноста и улогата на професионалните стандарди бележеше интензивна нагорна линија во однос на квалитетот на нивното почитување. Партискиот плурализам, кој беше во зачеток, свој одраз имаше и во медиумите. Тоа во голема мера резултираше со плурализам на мислења, дебати, објективни и професионални новинарски производи, во кои, без ограничувања или цензура, беа изразувани различни ставови. Тоа беше период во кој медиумите почнаа да го градат своето суштинско, а не само фразеолошко значење на „седма сила" или „четврта власт". Тие беа професионален и демократски прозорец и во 1994 година, кога Собранието остана без парламентарна опозиција. По таа година, всушност започна партиското обојување на медиумите, пред сè на телевизиите, преку користење на коалицискиот или пратенички ангажман на нивните сопственици. Таквото влијание продолжи и подоцна. Во целиот тој период до денес, поради големо партиско и владино влијание и притисоци врз мејнстрим медиумите, новинарството е во слободен пад, а професионалните стандарди се два метри под земја. Исклучок од ова е периодот на Владата на Љубчо Георгиевски, во кој медиумите не беа барем под владин притисок.

**СЕММ:** Кои аспекти на прекршување на професионалните и етичките стандарди според вас се најзагрижувачки?

**К.Б.:**Загрижува елементарното непочитување на Кодексот. Но, тоа не е единствениот проблем. Ако претходната деценија ја одбележа почетокот на политичкото освојување не медиумите, во втората деценија тој тренд не само што уште поинтензивно продолжи, туку и се надгради со темелно уназадување на новинарството, преку инсталирање слаб медиумски филтер кој пропушти многу лица со елементарна неписменост. Резултатот од тоа денес е: и контролирано, и неписмено новинарство!

**СЕММ:** Колку и од кој аспект сметате дека експанзијата на новите интернет медиуми во последните години влијае на состојбите?

**К.Б.:**Во ситуација, кога секој може да стане новинар без да задоволува образовни критериуми и професионални стандарди, и кога социјалните мрежи се претворија во главна платформа за продуцирање и размена на информации, најчесто „полуфабрикати", дел од интернет медиумите станаа главни дистрибутери и рециклатори токму на такви „продукти". Од друга страна, пак, дел од интернет медиумите кои цврсто се држат до професионалните стандарди, во таков хаос стануваат невидливи, по принципот „од шумата не се гледа дрвото". Метастазирањето на непрофесионалноста во интернет просторот, неоправдано фрла дамка и врз нив. Генерално, дел од интернет медиумите дополнително ја влошуваат постојната слика, а оние другите кои се малцинство во својата професионалност, иако даваат голема надеж, сепак не успеваат подлабоко да влијаат врз менувањето на севкупните состојби.

**СЕММ:** Како би ја оцениле улогата на медиумската заедница во одбраната на професионалните стандарди, некогаш и сега?

**К.Б.:**Како дифузна, некоординирана и поделена. Колективната одбрана на професионалните стандарди може да биде ефикасна, само ако се темели и на нивна индивидуална одбрана. Заедницата не може да постигне успех ако поединци во неа секој ден ги уриваат тие стандарди.

**СЕММ**: Според вас, од каде треба да започне "рехабилитирањето" на професијата и враќањето на основните новинарски стандарди, и каде ја гледате улогата на саморегулаторните механизми?

**К.Б.:**Рехабилитацијата треба да почне од поединецот. Секој новинар треба да се преиспита дали и колку ги почитува професионалните стандарди, дали е совладан од цензура или од автоцензура, дали новинарската слобода му е подјармена од економската неслобода, односно на зависноста од платата и од политичките преференции на работодавецот, и кому му служи новинарот во такви услови и околности? Потоа секој треба да донесе одлука, но и да преземе одговорност ако таа не е во интерес на професијата.

**ИНТЕРВЈУ**
**Енес ОСМАНЧЕВИЌ**

# Промоцијата на професионалните и етичките стандарди меѓу новинарите и уредниците е клучно за одбрана на професијата на Интернет



*Кои се предизвиците во одбраната на професионалното и етичко новинарство на Интернет и каква е улогата на саморегулаторните механизми. На оваа тема разговаравме со Енес Османчевиќ, професор на Филозофскиот факултет во Тузла, на Факултетот за политички науки во Сараево и член на Советот за печат и Интернет медиуми во Босна и Херцеговина*

**СЕММ:** Како накратко би ја опишале ситуацијата со почитувањето на професионалните и етичките стандарди во онлајн медиумите, во споредба со ситуацијата во традиционалните медиуми?

**Е.О.:** Професионалните и етичките стандарди се кршат и во традиционалните и во Интернет медиумите. Но, за волја на вистината, тоа повеќе е случај кај Интернет медиумите, и за тоа постојат неколку причини. Интернет медиумите делуваат во сајбер-простор кој се карактеризира со поголем степен на комуникациска слобода и неуредување на содржините. Во зависност од националните законодавства, онлајн медиумите, главно, не подлежат на строга регулација. На пример, во Босна и Херцеговина за да се создаде онлајн медиум не е потребна никаква дозвола, па дури не постои ниту обврска за упис во судски регистар. Ваквата ситуација со онлјан медиумите Николас Негропонте ја објаснува со тврдењето дека секој поединец на глобалната Интернет мрежа е потенцијална ТВ станица која нема дозвола за емитување. За разлика од онлајн медиумите, кои на нашиве простори главно се составени од мали групи поединци кои немаат обврска да се едуцираат во областа на новинарството, традиционалните медиуми имаат поцврсто изразена структура, организација и поголем број на вработени со соодветно образование. Но, како што традиционалните медиуми се должни да ги почитуваат законите и новинарските кодекси, тоа се должни да го прават и онлајн медиумите. Во БиХ постои единствен кодекс за печатени и онлајн медиуми, за чиешто почитување се грижи Со ветот за печат, преку механизмите за саморегулација. Додека, пак, телевизиите и радијата се опфатени со регулаторните механизми што ги спроведува Регулаторната агенција за комуникации.



**СЕММ:** Имајќи ја предвид слободата и неограничените можности што ги овозможува Интернет просторот, во која мера сметате дека онлајн медиумите ја злоупотребуваат таа слобода практикувајќи непрофесионално новинарство?

**Е.О.:**Премногу злоупотреби се присутни во комуникацискиот простор на Интернет. Најчесто, тоа е последица на анонимната комуникација која овозможува користење на повеќе идентитети, од кои ниту еден не мора да биде вистински. Тие злоупотреби најмногу се манифестираат преку крадење



на идентитети, интелектуална сопственост, плагијаторство, говор на омраза и поттикнување на насилство. Покрај непрофесионалното новинарство, на Интернет ги имаме и коментарите од корисниците, дискусиите на разни форуми и блогови кои се карактеризираат со неуредувачки пристап во однос на објавените содржини. Во тек се бројни дебати за иднината на Интернетот, регулацијата на интелектуалната сопственост и идентификацијата во комуникацијата, со цел да се намалат можностите за злоупотреби. Но, дури и овие дебати честопати се злоупотребуваат, па останува да видиме како сето тоа ќе се заврши.

**СЕММ:** Во трката по кликови и реклами, кои аспекти на кршење на етичките и професионалните стандарди во Интернет сферата се најзагрижувачки?

**Е.О.:**Најзагрижувачки се лажните и невистинити содржини кои секојдневно се пласираат на голем број онлајн медиуми. Тоа е, всушност, сензационализам кој се пласира со единствена цел да се придобијат голем број кликови. Освен тоа, тука имаме сериозно кршење на основните постулати на новинарството, според кои комерцијалните и информативните содржини мора да бидат одвоени. Но и покрај тоа, секојдневно сме сведоци како комерцијалните содржини, односно – реклами, промоции и економска пропаганда се прикажуваат како информативни. Дополнително, загрижува и константниот потпалувачки јазик што им се сервира на Интернет корисниците како некој вид на спектакл и арена за вербална војна. Тоа многу често се претвора во говор на омраза и поттикнување на насилство, што во повеќето национални законодавства е кривично дело, кое се санкционира со затворска казна.

**СЕММ:** Во која мера регулаторните и саморегулаторните механизми успеваат да се спротивстават на повредата на професионалните и етички стандарди во онлајн медиумите?

**Е.О.:**Механизмите за регулација ги дефинира државата, а во нејзино име ги спроведува агенција која би требало да биде независна. Регулацијата подразбира санкции – парични казни, па дури и одземање на лиценца за емитување. Саморегулацијата се заснова на доброволно прифаќање на етичките кодекси, за чие спроведување е задолжен Советот за печат и онлајн медиуми, како што е случај во Босна и Херцеговина. Дополнително, саморегулацијата не располага со механизми за санкционирање. Нејзината улога е да ги штити медиумите од политички влијанија, а публиката да ја заштити од лошо новинарство. Во последните години, Советот за печат во БиХ годишно добива повеќе од 1.000 претставки од граѓани во врска со објавени содржини во печатените и онлајн медиуми. Тоа упатува на фактот дека публиката е сè повеќе сензибилизирана во однос на кршењето на етичките стандарди, но и во однос на кредибилитетот на Советот за печат. Исто така, повеќето претставки од граѓаните се решаваат со медијација, преку објавување на исправка. Промоцијата на професионалните и етичките стандарди и нивното доследно спроведување е континуирана задача, која од една страна претставува заложба за професионализација на медиумите и унапредување на новинарските стандарди, а од друга страна ја едуцира публиката и корисниците и ја унапредува медиумската писменост и култура.

**СЕММ:** Како член на Советот за печат, какво е вашето досегашно искуство со случаите на кршење на професионалните и етичките стандарди во онлајн медиумите?

**Е.О.:**Во Босна и Херцеговина, во периодот пред Советот за печат да ја преземе обврската за саморегулација во сферата на онлајн медиумите, имаше многу случаи на кршење на професионалните и етичките стандарди на веб-порталите. Некои од тие случаи беа пријавувани, но повеќето не беа. Откако Советот за печат започна со саморегулација и на онлајн медиумите, повеќето портали ги прифатија етичките кодекси и се согласија на саморегулација. Оттогаш, многу труд и енергија се вложи за промоција на етичките стандарди меѓу уредниците и новинарите во онлајн медиумите во БиХ, но и за едукација на корисниците, пред сè, од аспект на нивното право на жалба и исправка на неточните објави во онлајн медиумите. Тоа, од една страна, резултираше со зголемена сензибилизираност на корисниците на онлајн медиуми да препознаат кршење на новинарскиот кодекс во печатените и Интернет медиуми, но, исто така, придонесе и за зголемување на бројот на претставки. Од друга страна, имавме поголема подготвеност од уредништвата на онлајн медиумите да прифатат медијација, да објават исправка или да коригираат содржини кои се неточни или содржини кои по кој било основ преставуваат кршење на Кодексот. Целта на тие активности е да имаме сè помалку драстично кршење на Кодексот, односно сè помалку недоразбирања помеѓу оние кои ги продуцираат и оние кои ги консумираат содржините на онлајн медиумите.

**СЕММ:** Според вас, како ситуацијата може дополнително да се подобри во блиска иднина и кој би бил најадекватниот пристап во тој правец?

**Е.О.:**Мислам дека промоцијата на етичките стандарди меѓу новинарите и уредниците е најдобриот пристап. Тоа е постојана „жива“ тема за новинарската професија и нејзината важност и актуелност никогаш нема да престане. Од друга страна, треба да се работи и со корисниците на онлајн медиуми, со цел да се унапреди нивното дигитално и медиумско образование. Тука, освен Советот за печат, важна улога имаат универзитетите и факултетите кои ги образуваат новинарите, веб-дизајнерите, менаџерите, наставниците, професорите, политичарите, дипломатите, правниците и сите останати чинители во општеството.

**ИНТЕРВЈУ**
**Мартин ХАКЕРБИ**

# Новинарите честопати се фокусираат на детали за политичките збиднувања, игнорирајќи ја пошироката слика

*Која е суштинската улога на новинарите за време на избори? Што е пресудно за објективно и професионално информирање на граѓаните во текот на изборниот процес? Каква е улогата на саморегулаторните тела за обезбедување избалансирано и професионално покривање на изборите? – Ова се само дел од прашања кои ги разговаравме со Мартин Хакерби, медиумски експерт и долгогодишен новинар и уредник во водечкит медиуми во Англија. Мартин Хакерби е поранешен новинар и уредник во „The Times", Лондон, и уредник во надворешна редакција на „The Observer". По неколкуте години работа како уредник на „The Prague Post", работи на светско ниво како обучувач на новинари и консултант на уредници во весници и новински агенции. Неговата неодамнешна работа вклучува обуки за новинари што известуваат за политички теми во електронските и печатените медиуми во Непал и Судан.*

**СЕММ:** Според вас, која е најсуштинската улога на новинарите за време на избори?
**М.Х.:**Новинарите треба да бараат одговорност од оние кои поседуваат моќ и од оние кои сакаат да имаат моќ, истовремено, преиспитувајќи ги нивните тврдења и трагајќи по фактични недоследности. Тоа, исто така, подразбира и проучување и објаснување на главните цели на учесниците во изборниот процес.
**СЕММ:** Кои аспекти во изборното изветување се од суштинско значење за објективно и професионално информирање на граѓаните во процесот на одлучување?
**М.Х.:**Истражување на заложбите на партиите, односно нивно компарирање со постоечките податоци и состојби, како и проверка на остварливоста на предложените политики. Во авторитарните држави, тешко е да се најдат независни експерти, или такви кои што сакаат да зборуваат за политиките кои ги предлагаат партиите. Во таква ситуација, би било разумно да се разгледаат искуствата преку границите и во соседството, за да се види дали во тие земји функционирале слични идеи и какви се коментарите на тамошните експерти во однос на тоа колку реалистична и остварлива може да биде одредена политика.
**СЕММ:** На кое ниво новинарското известување може да влијае врз мотивацијата на граѓаните за да учествуваат во процесот на гласање?
**М.Х.:**Доброто известување може да ја воодушеви публиката и да и укаже на важноста од суштински избори, но, медиумите, исто така, може и да ја исклучат јавноста од изборните случувања. Бесконечните извештаи за битката меѓу различни кандидати и партиите, на некој начин, може да ја направат публиката незаинтересирана за изборниот процес. Новинарите честопати се опседнуваат со детали






поврзани со политичките збиднувања, игнорирајќи ја поширокaта слика. Известувањето за тоа што се случува - кој оди нагоре, а кој надолу во политичката битка, може да биде исто толку возбудливо како и коментирањето спортски натпревар, но тоа не значи и расветлување на некоја комплексна ситуација.

**СЕММ:** Имајќи го предвид вашето меѓународно искуство како консултант и обучувач, кои аспекти од медиумското известување во државите со низок степен на демократски развој ги сметате за најпроблематични, во споредба со развиените држави?

**М.Х.:**Честопати тоа е повеќе прашање на интензитетот, отколку на нешто сосема поразлично. Постои фундаментален проблем во конфузијата околу улогата на новинарите. На пример, во весниците, новинарите кои известуваат за изборите може да бидат во различна улога, како “репортери“ или “политички известувачи“, подготвувајќи анализи и вести, но и како “коментатори“, или “колумнисти“, нудејќи ги своите гледишта за настаните од изборниот процес. Исто така, тие може да бидат во улога на “уредници“, или “водечки пера во редакција“, застапувајќи ја уредувачката политика на весникот, па дури и “пропагандисти“, кои се залагаат за каузата на една партија, за сметка на другите. Новинарите може да прифатат неколку од овие улоги, но, тука се поставува прашањето – врз основа на што читателот ќе суди за веродостојноста на она што му е кажано? Државните радиодифузери, најверојатно, се соочуваат со најголемиот предизвик. Тие треба да демонстрираат исклучителен морал и етичност, за да ги издржат барањата од владејачката партија да известуваат во нејзина полза.
Но, сепак, известувањето за изборниот процес во државите со недоволен демократски развој може да има и позитивни страни, затоа што, на пример, медиумите во “развиените“ земји честопати се опседнуваат со персоналитетот на лидерите, фокусирајќи се на нивните коментари, облека, однесување и минимални гафови, па честопати недостасува известувањето за нивните политики.

**СЕММ:** Според вас, кои се најчестите причини за непрофесионално известување за време на изборите во државите каде што сте работеле досега?

**М.Х.:**Голем дел од проблемите се заеднички за сите видови известување во таквите држави – мали медиуми, кои честопати се слабо опремени или немаат финансиски средства, вработени кои се недоволно платени, или, пак, во голема мерка се необучени и некомпетентни за да работат на коректно, избалансирано и длабинско известување. Голем дел од медиумските куќи имаат сопственици чија цел за време на изборите е да обезбедат политичко влијание или финансиска придобивка. Партиската определеност на дел од новинарите, исто така, претставува проблем, тие се, или стануваат застапници на луѓето за кои што известуваат. Дури и оние кои се обидуваат да бидат урамнотежени може да застранат од тој пат следејќи одреден лидер во неговата кампања.

**СЕММ:** Како треба да продолжи професионалниот развој на новинарите и редакциите со цел да се обезбеди професионално известување за време на изборите?

**М.Х.:**Недостигот на соодветна обука за новинарите е заеднички проблем кај помалку развиените држави на политички план. Поранешните комунистички држави може да имаат посебни потешкотии, со оглед на тоа што теоретското новинарско образование придонело многумина новинари да бидат недоволно подготвени за да се справуваат со практичните проблеми поврзани со известувањето. Континуираната програма на советување и практична обука може да им помогне на новинарите во овие земји да се справат со предизвиците што ги наметнуваат моќните политичари, но и да им овозможи да трагаат по темите кои им се најважни на гласачите.

**СЕММ:** Каде ја гледате улогата на саморегулаторните тела, како што е Советот за етика во медиумите на Македонија?

**М.Х.:**Таквите тела ги поставуваат правилата на медиумското изветување, тие може да ги потсетат новинарите како треба да се однесуваат, но и да им помогнат да ги зауздаат различните испади и инциденти кои неизбежно се случуваат за време на избори. Но, веројатно најсуштинската улога е во обезбедување и набљудување на рамноправно и избалансирано известување за различните партии во медиумите. Саморегулаторните тела може да бидат витален елемент во ситуација кога растат тензиите, што е неизбежно за време на политичките битки во изборниот процес. Тие може да понудат мирна рефлексија и разумни насоки за новинарите кои сакаат да работат на професионален начин.